Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
Бр. 14-03/ 886-1
01-12-20 25 год.

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

Врз основа на член 37 став 6 и 12 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/18 и Сл.весник на СРМ бр. 178/21, 58/24 и 124/25), член 65 од Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 44 од Статутот на Градежниот факултет Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), деканот на Градежниот факултет ја донесе следната

# О Д Л У К А

за распишување избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Градежниот факултет Скопје

## Член 1

Се распишуваат избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Градежниот факултет Скопје.

Претседателот и членовите на Факултетското студентско собрание се избираат на непосредни и демократски избори со тајно гласање, за мандат од една година со право на уште еден избор.

Изборите ќе се одржат на ден 23.12.2025 година.

## Член 2

Кандидатите за претставници во Факултетското собрание се утврдуваат на собири на студентите по години на студии, со тоа што од секоја студиска година се предлагаат кандидати за претставници во Факултетското студентско собрание. Бројот на претставници по години од додипломски студии и од постдипломски и докторски студии е утврден со Статутот на Факултетското студентско собрание и тоа:

- 5 претставници од прва година;
- 5 претставници од втора година;
- 5 претставници од трета година;
- 4 претставници од прва година на постдипломски студии
- 4 претставници од прва година на постдипломски студии и
- 1 претставник од докторски студии.

Право да се кандидираат и да избираат имаат сите студенти кои се запишани на студии во учебната 2024/2025 година и имаат запишан зимски семестар.

Собирите на студенти треба да се одржат најдоцна до 19.12.2025 година.

За избрани членови на Факултетското студентско собрание се сметаат кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите на Факултетот кои гласале.

**Член 3**

За претседател на Факултетското студентско собрание може да се кандидира редовен студент кој запишал зимски семестар во учебната 2024/2025 година и ги положил сите испити заклучно со трет семестар.

Кандидирањето за претседател е лично преку поднесување на кандидатура на која даваат поддршка најмалку 20 редовни студенти од Факултетот.

Кандидатурата за претседател со пријавата и потписите за поддршка од студентите се поднесува најдоцна до 12.12.2025 година, до Изборната комисија преку архивата на Факултетот.

За избран претседател Факултетското студентско собрание се смета кандидатот кој добил најмногу гласови од студентите на Факултетот кои гласале.

**Член 4**

За спроведување на изборите за претседател и за членови на Факултетското студентско собрание се именува Изборна комисија, во следниот состав:

- проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев, претседател,
- проф. д-р Владимир Витанов, член
- Миа Додевска, студент на втор циклус студии по градежништво – член
- Илијан Блажевски, студент на прв циклус студии по градежништво – член
- Кире Ачкоски, студент на прв циклус студии по геодезија – член.

**Член 5**

Изборната комисија од член 4 на оваа Одлука:

- ја спроведува изборната постапка согласно Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Статутот на Градежниот факултет и Статутот на Факултетското студентско собрание на Градежниот факултет;
- донесува одлука со која се констатира дека предложените/пријавените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за членови на Факултетското студентско собрание, односно да бидат предложени за избор на претседател. Во одлуката се наведува личното име на кандидатот, дали е запишан во семестарот во годината кога се вршат

изборите, односно дали има статус на активен студент, студиската година, студиската програма и циклусот на студии. Одлуката на комисијата е конечна;

- ги утврдува резултатите од гласањето;
- составува записник за резултатите од гласањето на Факултетот и за крајниот резултат;
- врши и други активности со цел организирање и спроведување на изборите.

Комисијата донесува Упатство со кое се утврдува нејзината работа, го утврдува изгледот на гласачкото ливче, утврдува образец на записник, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, известувања и записници како и други документи кои се потребни во процесот на организација и спроведување на постапката за избор.

Упатството се објавува на веб страната на Факултетот, најдоцна 7 дена пред одржувањето на изборите.

На веб страната на Факултетот, најдоцна 7 дена пред одржување на изборите се објавува и одлуката со која се констатира дали предложените кандидати ги исполнуваат односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за членови во Факултетското студентско собрание и за претседател.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на веб страната на Факултетот и се доставува електронски до студентите на Факултетот.

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Декан,

Проф. д-р Јосиф Јосифовски

Доставено до:

- Членови на Комисија
- Веб страна на Факултетот
- Студентите на Факултетот (по електронски пат)
- Архива